# ПРАВИЛНО РЕЦИКЛИ-РАЊЕ НА БАТЕРИИТЕ

## Што е INOBAT?

„Организација која се занимава со е рециклирање на батериите“ брои 130 членови од областа на производството, увозот и трговијата. По налог на Сојузното министерство за заштита на околината (UFAM) , INOBAT собира такса за преработка (TSA), која купувачите ја плаќаат преку цената на батериите и акумулаторите. На овој начин се финансира собирањето, превозот и преработката на употребените батерии во домаќинството, како и информативните и пропагандните програми кои се наменети на трговијата и населението.




На ТВ и на плакатите: симпатична реклама за рециклирање на батериите.

И уште нешто: И играчките на батерии треба да бидат рециклирани на правилен начин. Ве молиме, искористената играчка да ја вратите на местото каде што сте ја купиле.

SENS®

www.sens.ch

## За повеќе информации: www.inobat.ch

На веб-страната на INOBAT можете да најдете информации, совети, линкови и еден информативен филм во врска со користењето и правилното рециклирање на батериите и акумулаторите.

INOBAT, Postfach 1023, 3000 Bern 14

inobat@awo.ch






**Вратете ги употребените батерии и акумулатори**

Version Mazedonisch, Stand März 2009

## Батериите и акумулаторите се рециклираат

Употребените батерии и акумулатори не треба да се фрлаат во отпадот. Законот нè обврзува да ги враќаме на местото каде сме ги купиле, или на некое друго место каде што се собираат. Зошто? Правилното рециклирање од една страна овозможува да се отстранат отровните тешки метали од отпадот, како што се кадмиумот, оловото и живата, а од друга страна, на тој начин се врши враќање на вредни суровини.



## Една третина завршува во отпадот

Батериите и акумулаторите се составен дел од нашето секојдневие. Во најразличен облик, величина и состав ни даваат акумулирана енергија. Ги купуваме посебно, на пример како батерии за домаќинството во вообичаен цилиндричен облик или вметнати во некој апарат, како батериски келии во форма на копче во часовниците, или како акубатерии во мобилните телефони, преносливите компјутери и дигиталните камери. Годишно, во Швајцарија, се продаваат околу 3700 тони батерии и акумулатори. Околу две третини се враќаат во преработувачкиот процес. Една третина ја снемува во домашниот отпад. За жал!





## Во продажната цена е израчуната таксата за рециклирање

Секој купувач на батерии и акумулатори автоматски има право на соодветно рециклирање.. Во продажната цена однапред е израчуната таксата за преработка. (TSA).

## Враќањето е едноставно и бесплатно

Трговијата е обврзана да ги превзема искористените батерии и акумулатори. Може да се вратат секаде каде што се продаваат, и тоа бесплатно. Врз основа на ова правило, во Швајцарија постојат повеќе од 12 000 собирачки места: мали продавници, стоковни куќи, специјализирани продавници за продажба на фото и електро опрема и опрема за мобилна комуникација, пошти, киосци и продавниците на бензиските пумпи. Покрај ова, постојат и други собирачки места кои општината ги става на располагање.




Налепници, кесичка за батерии, кутија за батерии: сè што е потребно за непречено рециклирање на батериите.

## Втор живот за добиените суровини

Искористените батерии и акумулатори доаѓаат во центарот за рециклирање Batrec AG во Вимис (www.batrec.ch) каде со повеќекратна постапка се разделуваат хемиски и механички. Металите кои се добиваат на тој начин, цинк и железо-манган, се продаваат во индустријата како примарни суровини.





